24 февруари, 2023 година

АРХИВСКИ БРОЈ: 20-2694/1

Врз основа на Член 18 и Член 26 од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија" бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/ 16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 152/19, 244/19, 275/19, 110/21 и 123/22), Член 53 од Рамковната спогодба за финансиско партнерство меѓу Република Северна Македонија и Европската Комисија за посебните барања за спроведување на финансиската помош на унијата за Северна Македонија според инструментот за претпристапна помош ИПА III („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 235/22) и Член 54 од Секторската Спогодба помеѓу Република Северна Македонија и Европската Комисија со која се утврдуваат одредбите за управување и спроведување на финансиската помош на унијата за Република Северна Македонија во рамките на Програмата за рурален развој на инструментот за претпристапна помош (ИПАРД III) од 15.02.2023 година, Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство на ден __.__ 2023 година, ја донесе следнава:

## ОДЛУКА
## За формирање на Комитет за следење на ИПАРД Програмата 2021-2027

### Член 1

(1) Со оваа одлука се формира Комитетот за следење на ефективноста и квалитетот на спроведување на Програмата за рурален развој 2021-2027, финансирана од Европската Унија преку Инструментот за Претпристапна помош – ИПА III (во понатамошниот текст "Комитет за следење на ИПАРД III").

(2) Со Комитетот за следење на ИПАРД III, претседава висок претставник на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство (во понатамошниот текст „Претседавач на Комитетот"), кој има право на глас.

(3) Комитетот за следење на ИПАРД III ги испитува резултатите од спроведувањето на ИПАРД Програмата 2021-2027, особено постигнувањето на целите поставени за различни мерки и напредокот на користење на финансиски средства за тие мерки.

(4) Комитетот за следење на ИПАРД III периодично го ревидира направениот напредок за постигнување на целите утврдени во ИПАРД Програмата 2021-2027. За таа цел, нему првенствено треба да му биде на располагање следново:

(а) информации за сите сектори во кој постојат тешкотии;
(б) информации за резултатите од спроведените проверки;

(5) Комитетот за следење на ИПАРД III, после извршени консултации со Телото за управување со ИПАРД и Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, ќе и достави на Европската Комисија, измени или ревизии на ИПАРД Програмата 2021-2027, за да го обезбеди постигнувањето на целите на програмата и да ја подобри ефикасноста на обезбедената помош.

(6) Комитетот за следење на ИПАРД III ги разгледува и одобрува годишните и завршниот извештај за спроведување на ИПАРД Програмата 2021-2027.

(7) Комитетот за следење на ИПАРД III ја проверува проценката (евалуацијата) на ИПАРД Програмата 2021-2027.

(8) Комитетот за следење на ИПАРД III го разгледува и одобрува планот за активности за видливост и комуникација.
(9) Комитетот за следење на ИПАРД III го разгледува и одобрува индикативниот годишен акциски план за спроведување на активности од мерката за техничка помош на ИПАРД Програмата 2021-2027.

Член 2

(1) Комитетот за следење на ИПАРД III го сочинуваат Претседавач, членови со право на глас и набљудувачи.

(2) Претседавачот на Комитетот за следење на ИПАРД III ги има следниве задолженија:

- Претседавачот има улога во организација и управување со активностите на Комитетот и одлуките кои ќе ги донесе во рамките на неговите надлежности;
- Претседавачот дава и одзема право на збор, закажува и одложува состаноци, изготвува план за работа на наредниот состанок и други детали поврзани со работата на Комитетот:
- Сите комуникации поврзани со активностите на Комитетот ќе бидат упатени до Претседавачот, кој ќе ги упати до Секретаријатот;
- Во случај на отсуство на Претседавачот, неговата улога ја презема раководителот на Телото за управување со ИПАРД.

(3) Членови на Комитетот за следење на ИПАРД III со право на глас се:

**Владини претставници (сите претставници треба да се на раководно ниво):**

1. четири претставници од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
2. претставник од Министерство за економија;
3. претставник од Министерство за животна средина и просторно планирање;
4. претставник од Министерство за локална самоуправа;
5. претставник од Министерство за култура;
6. претставник од Министерство за транспорт и врски;
7. претставник од Секретаријат за европски прашања;
8. претставник од Министерство за труд и социјална политика;
9. претставник од Агенција за поттикнување на развој на земјоделството;
10. претставник од Агенција за поддршка на претприемништвото и
11. претставник од Агенцијата за храна и ветеринарство;

**Невладини претставници:**

12. претставник од Сојуз на стопански комори на Македонија – економски партнер;
13. претставник од Стопанска комора на Северна Македонија – економски партнер;
14. претставник од Стопанска комора на северо-западна Македонија – економски партнер;
15. претставник од Македонска асоцијација на преработувачи – економски партнер;
16. претставник од Национална федерација на фармери – социјален партнер;
17. претставник од Занаетчиска комора на Република Северна Македонија – економски партнер;
18. претставник од Факултетот за земјоделски науки и храна, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје – социјален партнер;
19. претставник од Факултет за ветеринарна медицина, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје – социјален партнер;
20. претставник од Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип – социјален партнер;

21. претставник од Факултет за земјоделство и биотехнологија, Државен универзитет во Тетово – социјален партнер;
22. претставник од Здружение на единиците на локална самоуправа (ЗЕЛС) – социјален партнер;
23. претставник од Мрежа за рурален развој на Северна Македонија – социјален партнер;
24. претставник од Македонско еколошко друштво – еколошки партнер;
25. претставник од Локална акциска група АГРО–ЛИДЕР – социјален партнер;
26. претставник од Мрежа на млади фармери – социјален партнер;
27. претставник од Здружение рурална коалиција Куманово – социјален партнер;
28. претставник од Сојуз на здруженија на граѓани – Асоцијација на земјоделци – социјален партнер и
29. претставник од Здружение на производители, на извозници на вино и други пијалоци произведени од грозје „Вина од Македонија" – Скопје – економски партнер.

(4) Членовите на Комитетот за следење на ИПАРД III со право на глас се именуваат со посебно решение потпишано од Министерот.

(5) Претставниците на Европската Комисијата, Националниот ИПА Координатор, Националниот Службеник за Авторизација, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и Телото за управување со ИПАРД, редовно ќе учествуваат во работата на Комитетот за следење на ИПАРД III, со присуство на состаноците и информирање на членовите на Комитетот, без право на глас.

(6) Во работата на Комитетот за следење на ИПАРД III, во зависност од потребата и посебните случаи, можат да учествуваат и други претставници на органите на државната управа, агенции, невладини организации или други стручни лица и експерти од соодветната област, на предлог на членовите и на покана на претседавачот, со статус на набљудувачи, односно без право на глас.

(7) Во случај на промена на членови или промена на работниот однос на членовите на Комитетот во рамките на организацијата која го именувала членот на Комитетот, засегнатиот член е должен да го извести Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и соодветно, Комитетот за следење на ИПАРД III.

(8) По информациите за промена на член или за промена на статус на негово вработување, ќе се преземат чекори за разрешување на член и за именување на нов член.

(9) Разрешување на член и именување на нов член на Комитетот го врши Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство со претходна најава од Претседавачот дека дошло до промена на членовите или промена на статус на нивно вработување.

(10) Министерот може да ги разрешува членовите на Комитетот кои двапати последователно не присуствувале на седниците на Комитетот. Во овој случај, Министерот треба да предложи нови членови во рок од 15 дена.

**Член 3**

(1) Членовите на Комитетот ги застапуваат интересите на Програмата пред сопствените интереси. Доколку членот на Комитетот има некаков личен интерес во рамките на предметот на дискусија, тој/таа го известува претседавачот и другите членови на Комитетот.

(2) Во овој случај претседавачот ќе даде упатство дека во записникот од тој состанок ќе се запише дека одреден член има личен интерес во однос на предметот на дискусија, и дека следствено, тој конкретен член не може да учествува во гласањето за засегнатата тема.

**Член 4**

(1) Комитетот за следење на ИПАРД III се конституира на првата седница по влегување во сила на Одлуката за формирање на Комитет за следење на ИПАРД III.

(2) Комитетот за следење на ИПАРД III на конститутивната седница треба да донесе Деловник за работа.

(3) Деловникот за работа на Комитетот за следење на ИПАРД III ги уредува прашањата од аспект на задачите, правата и обврските на претседавачот и членовите и начинот на работа.

**Член 5**

(1) Стручните и административните работи за поддршка на работата на Комитетот за следење на ИПАРД III ќе ги врши Телото за управување со ИПАРД при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во согласност со одредбите од Деловникот за работа.

(2) Поддршка на работата на Комитетот за следење ИПАРД III од страна на Телото за управување со ИПАРД се состои од подготовка на состаноците, изготвување и доставување на документи и особено доставување на релевантни информации за напредокот во реализацијата на мерките од ИПАРД Програмата 2021-2027.

**Член 5**

(1) Оваа одлука влегува во сила од денот на потпишувањето.

**Министер**

**Љупчо Николовски**

**Изработил: Гордана Смилеска**

**Контролирал: Виктор Младеновски**

**Согласен: Живко Брајковски**